МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# П Р Е Д Л О Г
на Закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност

Скопје, мај 2010 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Условите и начинот на вршење на угостителската дејност се уредени со Законот за угостителската дејност( Сл.весник на Република Македонија бр.62/2004 и 89/2008)
Предложените измени и дополнувања на овој закон се во насока на намалување на висината на глобите , класификација на казните што се изрекуваат за сторени прекршоци со цел да се олесни казнената политика и да се излезе во пресрет на барањата на стопанствениците и бизнис заедницата. .

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложениот закон е да се намали висината на глобите и да се олесни казнената политика и да се излезе во пресрет на барањата на стопанствениците и бизнис заедницата.
Законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои се заснова и основниот текст на законот.
Преложените измени на законот ги содржат следните решенија :

- се намалува висината на глобата за сите прекршоци за 50%.
- се врши рангирање на прекршоците и тоа, административни престапи со проценета незначителна опасност за кои се дава укажување а сторителите подлежат на дополнителна едукација,за неотстранување на неправилностите следат понатамошни дејствија како за сорен прекршок.Прекршоци со проценета значителна опасност за кои веднаш се отпочнува со предвидена прекршочна постапка и се изрекува глоба и прекршоци кои предизвикуваат потешки последици и за кои покрај казната глоба се изрекува и споредна мерка забрана за вршење дејност .

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност не предизвикуваат фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложените изменувања и дополнувања на Законот за угостителката дејност не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

**Член 1**

Во Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија„ бр. 62/04 и 89/08) членот 59 се менува и гласи:

Доколку при вршењето на инспекциски надзор овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје утврди дека е сторена неправилност од членот 67-а овластениот инспектор е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со едновремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата.

Едукацијата ја организира и спроведува органот на државната управа кој го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од 8 дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

Доколку овластениот инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став 1 од овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

Доколку овластениот инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од став 1 од овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Пререкршочна комисија.

Органот на државната управа кој што го извршил инспекцискиот надзор и кој што ја организирал и спровел едукацијата, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата.

**Член 2**

Членот 60 се брише.

**Член 3**

Членот 63 се менува и гласи:

“Доколку при вршењето на инспекциски надзор државниот пазрен инспектор утврди дека е сторена неправилност од членот 68 државниот пазарен инспектор е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со едновремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата.

Едукацијата ја организира и спроведува Државниот пазарен инспекторат, односно кој го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од 8 дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или исторoдни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

Доколку државниот пазарен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став 1 од овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

Доколку државниот пазарен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од став 1 од овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Прекршочна комисија.

Државниот пазарен инспекторат, односно органот кој што го извршил инспекцискиот надзор и кој што ја организирал и спровел едукацијата, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата„.

**Член 4**

Членовите 64, 65, 66 и 67 се бришат.

**Член 5**

Членот 67-а се менува и гласи:

"Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичкото лице ако :

1) дејноста ја врши без да е запишан во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје (член 4 став 2);

2) врши кампирање спротивно на одредбите од член 42, 43 и 44 на овој закон;

3) организира и врши кампирање спротивно на членот 42 ставови 1 и 2 на овој закон;

4) кампот нема утврден куќен ред (член 45 став 1);

5) давањето на собите, апартманите, куќите и становите за одмор не го врши преку туристичка агенција и туристичко биро врз основа на договор (член 48);

6) давањето на угостителските услуги во куќи, апартмани и соби за одмор го врши спротивно на член 51 на овој закон и

7) угостителските услуги во селските домаќинства ги врши спротивно на член 53 став 1 и 2 на овој закон;

8) изнајмува соби, апартмани, куќи за одмор спротивно на членот 46 став 1 точка 1 на овој закон;

9) организира камп и дава услуги спротивно на членот 46 став 1 точка 2 на овој закон;

10) дава услуги на појадок спротивно на членот 46 став 1 точка 3;

11) на видно место не го истакне видот и категоријата на објектот (член 51 став 1 точка 1);

12) членот на домаќинството или лицата што им помагаат на членовите на домаќинството не ги исполнуваат здравствените услови за работа во угостителството во смисла на членот 52 став 2 на овој закон;

13) дава услуги во сидришта и пристаништа, како и кога пловниот објект кружи надвор од сидриштето и пристаништето на лица кои не се наоѓаат на пловниот објект заради превоз (член 54 став 4);

14) на видно место не го истакне називот на услугите кои ги дава од членот 51 став 1 точка 2 на овој закон;

15) не води книга на евиденција на гостите (член 51 став 1 точка 5);

16) се поставаат шатори, камп куќички, камп приколки и друга опрема за кампирање надвор од кампот (член 43);

17) врши кампирање во неорганизирани кампови (член 42 став 2);

18) привремено кампирање се врши на земјиште кое не е одредено од Советот на општината, а во градот Скопје од Советот на градот Скопје (член 44 став 2);

19) на влезот на кампот или на друго за тоа соодветно место не постави план -шема на кампот, не истакне ценовник за користење на просторот за кампирање, категорија на кампот како и други услуги што ги дава кампот (член 45 став 2);

20) дава услуги во пловни објекти за повеќе од 20 гости истовремено (член 54 став 3);

21 објектите во кои се даваат конфекционирани угостителски услуги не ги исполнуваат минимално-техничките услови и другите услови пропишани со закон (член 41 став1);

22) врши угостителска дејност надвор од деловниот објект на простор наменет, уреден и опремен за давање угостителски услуги без одобрение издадено од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје за користење на просторот (член 12 став 3);

23) конфекционираните угостителски услуги се вршат на места кои не се одобрени од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје (член 41 став 2);

24) покрај јадења во конфекционирана состојба се послужуваат и други јадења (член 41став 3);

25) давањето на угостителските услуги не ги исполнуваат минимално-техничките услови од член 47 став 1 на овој закон.

Овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје, за прекршоците од став 1 на овој член, во мандатна постапка е должен на сторителот на прекршокот да му врачи покана за плаќање на глоба во рок од осум дена од денот на врачување на поканата.

Ако сторителот доброволно не ја плати глобата од овој член, овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје, за прекршоците поднесува барање за поведување на прекршочна постапка„.

**Член 6**

Членот 68 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) нема доказ дека е пријавено исполнувањето на условите од член 6 став 1 на овој закон и започнувањето со работа на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат услугите, најмалку 15 дена пред почетокот на работењето на угостителскиот објект (член 7 став 1);

2) нема доказ дека е пријавена промената на условите од членот 6 став 1 на овој закон Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат услугите, во рок од 15 дена од денот на настанатите промени (член 7 став 2);

3) на видно место на влезот на угостителскиот објект не го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат (член 35 став 1 точка 7);

4) во угостителските објекти послужува алкохолни пијалоци од почетокот на работното време од 7, 00 до 10,00 часот (член 38 став 1);

5) нема доказ за извршената промена на категоријата на угостителскиот објект во смисла на членот 33 став 3 од овој закон.

6) не го истакне работното време на влезот на објектот и на видно место во објектот (член 26 став 1);

7) не истакне на видно место пропишана ознака на видот и категоријата на угостителскиот објект (член 32 став 2);

8) на видно место во угостителскиот објект или во менито не го истакне телефонскиот број на Државниот пазарен инспекторат (член 35 став 1 точка 12);

9) во сите пропагандни материјали не ги означи видот и категоријата на објектот (член 35 став точка 13);

10) не го пропише и истакне куќниот ред во сите објекти за сместување (член 35 став 1 точка 10).

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице.

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност на трговецот поединец.

Државниот пазарен инспектор за прекршоците од став 1 на овој член, во мандатна постапка е должен на сторителот на прекршокот да му врачи покана за плаќање на глоба во рок од осум дена од денот на врачување на поканата. Ако сторителот доброволно не ја плати глобата од овој член, државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка„.

**Член 7**

Членот 69 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице ако:

1) угостителската дејност се врши без да се исполнети пропишаните минимално-технички услови, санитарно-хигиенски и здравствени услови, условите за заштита при работа, заштита и унапредување на животна средина, противпожарната заштита и условите за заштита од бучава (член 6 ставови 1 и 2);

2) угостителската дејност се врши во деловни објекти или простори каде се врши друга дејност без да се исполнети пропишаните услови за обавување на друга дејност (член 12 став 2);

3) започне со работа во угостителскиот објект без добиена категорија (член 32 став 1);

4) не истакне на видно место на влезот на угостителскиот објект - ноќен бар и кабаре, табла со димензии 20 x 50 см со содржина “лица со возраст под 18 години немаат право на посета “( член 35 став 1 точка 3);

5) не ги утврди нормативите за храна и пијалаци кои ги послужува и не им овозможи на корисниците увид во тие нормативи (член 35 став 1 точка 8);

6) не ги дава угостителските услуги вклучени во туристичкиот пакет аранжман во угостителските објекти за сместување преку организаторите на патување или посредниците, односно туристичките агенции (член 35 став 1 точка 12);

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице.

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 350 евра во денарска противвредност на трговецот поединец.

За прекршоците утврдени во овој член, Државниот пазарен инспектор е должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување пред да поднесе барање за прекршочна постапка до Прекршочната комисија„.

**Член 8**

Членот 70 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице ако:

1) угостителската дејност се врши без упис во трговскиот регистар (член 4 став 1);

2) угостителска дејност се врши во угостителски објекти ноќен бар, кабаре и диско клуб без лиценца (член 20 став 1);

3) не се придржува кон пропишаното работно време (член 26 став 2);

4) ја пренесе лиценцата (член 22 став 2) и

5) послужува алкохол и алкохолни пијалаци на лица под 18 години (член 37 став 1).

6) продава и послужува храна и алкохолни пијалоци и пушта музика после 24,00 часот (член 38 став 2);

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице.

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 700 до 1000 евра во денарска противвредност на трговецот поединец.

За прекршоците утврдени во овој член државниот пазарен инспектор е должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување пред да поднесе барање за прекршочна постапка до надлежниот суд.

**Член 9**

Членовите 72 и 73 се бришат.

**Член 10**

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 11**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија .

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН

Предложените измени и дополнувања на овој закон се во насока на намалување на висината на глобите , класификација на казните што се изрекуваат за сторени прекршоци со цел да се олесни казнената политика и да се излезе во пресрет на барањата на стопанствениците и бизнис заедницата.
Со измените се врши намалување на глобата за 50%, и се интервенира во делот на надзорот и казнените одредби од законот ,така што се врши рангирање на прекршоците со воведување на укажување за сторениот прекршок и врачување покана за едукација за прекршоци проценети со незначителна опасност, во постапка пред воведување на прекршочна постапка.
Со член 1 од Предлог Законот се врши измена на член 59 од Законот,така што овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје, при вршење на надзорот ако утврди дека физичкото лице сторило некоја неправилност утврдена во член 59,ќе укаже за утврдените неправилности и ќе остави рок од 8 дена за нивно отстранување.Покрај укажувањето задолжително ќе се остави покана за да се провери дали се работи за прво укажување,кое треба да се внесе во евиденцијата и да се овозможи едукација. Дадена е можност за заедничка едукација на повеќе сторители. Предвидено е водење на единствена евиденција од страна на овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје, на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството .
Доколку во контролниот преглед се утврди дека не се отстранети неправилностите,овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје, ќе продолжи со превземање на дејствија како за сторен прекршок.
Со член 2 од Предлог Законот се брише член 60 од Законот.
Со член 3 од Предлог законот се менува член 63 од Законот така што ако Државниот пазарен инспектор при вршење на надзорот утврди дека угостителот сторил некоја неправилност утврдена во член 68,ќе укаже за утврдените неправилности и ќе определи рок од 8 дена за нивно отстранување.Покрај укажувањето задолжително ќе се остави покана за да се провери дали се работи за прво укажување,кое треба да се внесе во единствената евиденција и да се овозможи едукација на правното лице
Дадена е можност за заедничка едукација на повеќе сторители. Предвидено е водење на единствена евиденција од страна на Државниот пазрен инспекторат на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството .
.Доколку во контролниот преглед се утврди дека не се отстранети неправилностите Државниот пазарен инспектор ќе продолжи со превземање на дејствија како за сторен прекршок.
Со член 4 од предлог законот се бришат членовите 64, 65, 66 и 67
Со член 5 од Предлог Законот се менува член 67а од Законот така што се предвидува глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност во мандатна постапка со врачување покана за плаќање глоба во рок од осум дена. Надлежен орган за постапување е Прекршочната комисија.

Со член 6 од Предлог Законот се менува член 68 од Законот така што се предвидува глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност во мандатна постапка со врачување покана за плаќање глоба во рок од осум дена. Надлежен орган за постапување е Прекршочната комисија.

Со Член 7 од Предлог Законот се менува член 69 одЗаконот и се врши групирање на прекршоците со проценета значителна опасност, за кои се изрекува глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност ако Државниот пазарен инспектор при вршење на надзорот утврди дека правното лице сторило прекршок. Пред поднесување на барање за прекршочна постапка ќе се предложи постапка за порамнување .
Надлежен орган за изрекување на овие прекршоци е Прекршочната комисија.
Со Член 8 од Предлог Законот се менува член 70 одЗаконот така што се предвидува глоба за сторен прекршок за правното лице во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност .
За одговорното лице во правното лице предвидена е глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност.За дејствијатат од став 1 на овој член предвидена е глоба во износ од 700 до 1000 евра во денарска противвредност на трговец поединец.
Пред поднесување на барање за прекршочна постапка ќе се предложи постапка за порамнување
.Надлежен орган за овие прекршоци е надлежниот суд.
Со Член 9 од Предлог Законот се бришат членовите 72 и 73.
Со член 10 од Предлог Законот се бришат членовите 72 и 73 од Законот.
Со член 11 е утврдено дека во рок од 15 дена од денот на примената на овој закон ќе се донесе Правилникот за формата и содржината на поканата за едукација.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со изменувањето и дополнувањето на Законот за угостителската дејност се предвидува изменување на веќе постоечки одредби на законот, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и се однесуваат на истата работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на законот ќе се намали висината на казните за прекршување на одредбите од истиот за стопанските субјекти и намалување на последиците од изречените казни по финансиската состојба на истите, а воедно и ублажување на последиците од светската економска криза.

## ИЗВОД НА ОДРЕДБИ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 59

Ако овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на Градот Скопје при вршењето на надзорот утврди дека физичкото лице:

1) дејноста ја врши без да е запишан во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје (член 4 став 2);

2) врши угостителска дејност надвор од деловниот објект на простор наменет , уреден и опремен за давање угостителски услуги без одобрение издадено од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје за користење на просторот (член 12 став 3);

3) објектите во кои се даваат конфекционирани угостителски услуги не ги исполнуваат минимално техничките услови и другите услови пропишани со закон (член 41 став 1);

4) конфекционираните угостителски услуги се вршат на места кои не се одобрени од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје (член 41 став 2);

5) покрај јадења во конфекционирана состојба се послужуваат и други јадења (член 41 став 3);

6) врши кампирање спротивно на одредбите од член 42, 43 и 44 на овој закон;

7) кампот нема утврден куќен ред (член 45 став 1);

8) давањето на угостителските услуги не ги исполнуваат минимално техничките услови од член 47 став 1 на овој закон;

9) давањето на собите, апартманите, куќите и становите за одмор не го врши преку туристичка агенција и туристичко биро врз основа на договор (член 48);

10) давањето на угостителските услуги во куќи, апартмани и соби за одмор го врши спротивно на член 51 на овој закон и

11) угостителските услуги во селските домаќинства ги врши спротивно на член 53 став 1 и 2 на овој закон;

ќе донесе решение за забрана на вршење на угостителска дејност и ќе определи рок за отстранување на утврдените недостатоци.

Ако во определениот рок физичкото лице не ги отстрани утврдените недостатоци, овластениот инспектор на општината, а во градот Скопје овластениот инспектор на градот Скопје, ќе донесе решение со кое ќе го забрани вршењето на угостителската дејноста во времетраење од 30 дена.

Против решението од став 1 и став 2 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на истото до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Член 64

Ако инспекторот при вршење на надзорот утврди дека угостителот:

1) нема доказ дека е пријавено исполнувањето на условите од член 6 став 1 на овој закон и започнувањето со работа на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот ,односно според

местото каде што се даваат услугите,најмалку 15 дена пред почетокот на работењето на угостителскиот објект (член 7 став 1);

2) нема доказ дека е пријавена промената на условите од членот 6 став 1 на овој закон Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот ,односно според местото каде што се даваат услугите, во рок од 15 дена од денот на настанатите промени ( член 7 став 2);

3) обавува угостителска дејност надвор од деловниот објект на простор наменет, уреден и опремен за давање угостителски услуги без одобрение издадено од градоначалникот на општината, а во Градот Скопје од градоначалникот на Градот Скопје за користење на просторот(член 12 став 3);

4) не се придржува кон пропишаното работно време (член 26 став 2)

5) на видно место на влезот на угостителскиот објект не го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат ( член 35 став 1 точка 7);

6) не обезбеди посебен простор означен за пушачи (член 36 став 2); и

7) во угостителските објекти врши послужување на алкохолни пијалоци на лица помлади од 18 години и врши служење на алкохолни пијалоци од страна на малолетни лица (член 37 став 1);

8) во угостителските објекти послузува алкохолни пијалоци од почетокот на работното време од 7, 00 до 10,00 часот ( член 38 став 1);

9) во угостителските објекти за брза храна (сендвичари) вршат продажба и послужување на алкохолни пијалоци и пуштаат музика после 24,00 часот ( член 38 став 2) веднаш издава усна наредба со која му се забранува вршење угостителска дејност, ќе го затвори објектот и тоа ќе го констатира во записник.

Во случаите од ставот 1 на овој член, инспекторот во рок од 3 дена ќе донесе решение за забрна на вршење на дејноста од 30 дена и ќе го затвори угостиелскиот објект, истакнувајќи ја на видно место причината за неговото затворање.

Доколку угостителот во тековната година стори дејствија за кои е изречена мерката од став 1 на овој член, инспекторот ќе донесе решение за забрана на вршење на угостителска дејност во времетраење од 60 дена и ќе го затвори угостителскиот објект.

Против решението од ставовите 1 и 2 на овој член може да се изјави жалба до министерот кој раководи со органоте на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Жалбата изјавена против решението од став 3 на овој член не го одлага неговото извршување.

Член 65

Ако инспекторот при вршење на надзорот утврди дека угостителот:

1) нема доказ дека е пријавено исполнувањето на условите од член 6 став 1 на овој закон и започнувањето со работа на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот ,односно според

местото каде што се даваат услугите,најмалку 15 дена пред почетокот на работењето на угостителскиот објект (член 7 став 1);

2) нема доказ дека е пријавена промената на условите од членот 6 став 1 на овој закон Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот ,односно според местото каде што се даваат услугите, во рок од 15 дена од денот на настанатите промени ( член 7 став 2);

3) обавува угостителска дејност надвор од деловниот објект на простор наменет, уреден и опремен за давање угостителски услуги без одобрение издадено од градоначалникот на општината, а во Градот Скопје од градоначалникот на Градот Скопје за користење на просторот(член 12 став 3);

4) не се придржува кон пропишаното работно време (член 26 став 2)

5) на видно место на влезот на угостителскиот објект не го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат ( член 35 став 1 точка 7);

6) не обезбеди посебен простор означен за пушачи (член 36 став 2); и

7) во угостителските објекти врши послужување на алкохолни пијалоци на лица помлади од 18 години и врши служење на алкохолни пијалоци од страна на малолетни лица (член 37 став 1);

8) во угостителските објекти послузува алкохолни пијалоци од почетокот на работното време од 7, 00 до 10,00 часот ( член 38 став 1);

9) во угостителските објекти за брза храна (сендвичари) вршат продажба и послужување на алкохолни пијалоци и пуштаат музика после 24,00 часот ( член 38 став 2) веднаш издава усна наредба со која му се забранува вршење угостителска дејност, ќе го затвори објектот и тоа ќе го констатира во записник.

Во случаите од ставот 1 на овој член, инспекторот во рок од 3 дена ќе донесе решение за забрна на вршење на дејноста од 30 дена и ќе го затвори угостиелскиот објект, истакнувајќи ја на видно место причината за неговото затворање.

Доколку угостителот во тековната година стори дејствија за кои е изречена мерката од став 1 на овој член, инспекторот ќе донесе решение за забрана на вршење на угостителска дејност во времетраење од 60 дена и ќе го затвори угостителскиот објект.

Против решението од ставовите 1 и 2 на овој член може да се изјави жалба до министерот кој раководи со органоте на државната управа надлежен за работите од обласга на угостителството.

Жалбата изјавена против решението од став 3 на овој член не го одлага неговото извршување.

Член 66

Ако инспекторот при вршење на надзорот утврди дека угостителот:

1) нема доказ дека е пријавено исполнувањето на условите од член 6 став 1 на овој закон и започнувањето со работа на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на

подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот ,односно според местото каде што се даваат услугите,најмалку 15 дена пред почетокот на работењето на угостителскиот објект (член 7 став 1);

2) нема доказ дека е пријавена промената на условите од членот 6 став 1 на овој закон Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот ,односно според местото каде што се даваат услугите, во рок од 15 дена од денот на настанатите промени ( член 7 став 2);

3) обавува угостителска дејност надвор од деловниот објект на простор наменет, уреден и опремен за давање угостителски услуги без одобрение издадено од градоначалникот на општината, а во Градот Скопје од градоначалникот на Градот Скопје за користење на просторот(член 12 став 3);

4) не се придржува кон пропишаното работно време (член 26 став 2)

5) на видно место на влезот на угостителскиот објект не го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат ( член 35 став 1 точка 7);

6) не обезбеди посебен простор означен за пушачи (член 36 став 2); и

7) во угостителските објекти врши послужување на алкохолни пијалоци на лица помлади од 18 години и врши служење на алкохолни пијалоци од страна на малолетни лица (член 37 став 1);

8) во угостителските објекти послузува алкохолни пијалоци од почетокот на работното време од 7, 00 до 10,00 часот ( член 38 став 1);

9) во угостителските објекти за брза храна (сендвичари) вршат продажба и послужување на алкохолни пијалоци и пуштаат музика после 24,00 часот ( член 38 став 2) веднаш издава усна наредба со која му се забранува вршење угостителска дејност, ќе го затвори објектот и тоа ќе го констатира во записник.

Во случаите од ставот 1 на овој член, инспекторот во рок од 3 дена ќе донесе решение за забрна на вршење на дејноста од 30 дена и ќе го затвори угостиелскиот објект, истакнувајќи ја на видно место причината за неговото затворање.

Доколку угостителот во тековната година стори дејствија за кои е изречена мерката од став 1 на овој член, инспекторот ќе донесе решение за забрана на вршење на угостителска дејност во времетраење од 60 дена и ќе го затвори угостителскиот објект.

Против решението од ставовите 1 и 2 на овој член може да се изјави жалба до министерот кој раководи со органоте на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Жалбата изјавена против решението од став 3 на овој член не го одлага неговото извршување.

Член 67

Ако инспекторот при вршењето на надзорот утврди дека угостителот:

1.ќе започне со работа во угостителскиот објект без добиена категорија (член 32 став 1); и

2.нема доказ за извршената промена на категоријата на угостителскиот објект

во смисла на член 33 став 3 на овој закон, веднаш издава усна наредба со која му се забранува вршење на угостителска дејност, ќе го затвори објектот и тоа ќе го контастира во записник.

Во случаите од став 1 инспекторот во рок од 3 дена ќе донесе решение за забрана на вршење на дејноста во траење од 15 дена и ќе се затвори угостителскиот објект истакнувајќи ја на видно место причината за неговото затварање.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба до министерот кој раководи со органоте на државната управа надлежен на работите од обласета на угостителството.

Жалбата изјавена против решението од став 2 на овој член не го одлага неговото извршување.

Член 68

Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) врши угостителска дејност во угостителски објекти: ноќен бар, кабаре и диско клуб без лиценца( член 20 став 1);

2) ја пренесе лиценцата(член 22 став2);

3) не се придржува кон пропишаното работно време(член 26 став 2);

4) не се придржува на истакнатите цени ( член 35 став 1 точка 4)

5)не поседуваат документи за набавените производи (фактури, сметки, испратници и слично (член 35 став 1 точка 5);

6) за секоја дадена услуга не издаде сметка со спецификација на услугите од фискална каса ( член 35 став 1 точка 6 );

7) не ги дава угостителските услуги вклучени во туристичкиот пакет аранжман во угостителските објекти за сместување преку организаторите на патување или посредниците, односно туристичките агенции ( член 35 став 1 точка 11 ) ;

8) послужува алкохол и алкохолни пијалаци на лица под 18 години (член 37 став1);

За дејствијата од став 1 на овој член, покрај глобата за правното лице ќе му се изрече и санкција привремена забрана за вршење на угостителска дејност во траење од една до три години.

Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност на самото место на правното лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност на самото место и на одговорното лице во правното лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата од ставот 3 на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од една до три години.

Член 69

Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако:

1) не ги исполнува пропишаните минимално-технички услови и други услови пропишани со закон ( член 6 став 1) ; “

2) не го пријави исполнувањето на условите од членот 6 став 1 на овој закон и започнувањето со работа на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат услугите , најмалку 15 дена пред почетокот на работењето на угостителскиот објект (член 7 став 1) ;

3) не ја пријави промената на условите од членот 6 став 1 на овој закон на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот, односно посред местото каде што се даваат услугите во рок од 15 дена од настанатите промени ( член 7 став 2) ;

4) угостителската дејност се врши во објект или простори каде што се врши друга дејност без да се исполнети пропишаните услови за вршење на угостителската дејност ( член 12 став 2 )

5) угостителската дејност се врши надвор од деловниот објект на простор наменет, уреден и опремен за давање угостителски услуги без одобрение издадено од градоначалникот на општината а во градот Скопје од градоначалникот на градот Скопје за користење на просторот (член 12 став 3);

6) започне со вршење на дејноста пред да добие решение за категорија на угостителскиот објект (член 32 став 1);

7) не ги утврди нормативите за храна и пијалаци кои ги послужува и не им овозможи на корисниците увид во тие нормативе (член 35 став 1 точка 7)

8) не ги завери нормативите за храна кај градоначалникот на општината, а во градот Скопје кај градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје и угостителските услуги не ги дава во соодветна количина и квалитет според утврдените нормативи (член 35 став 1 точка 8)

9) не води книга на гостите во угостителскиот објект за сместување (член 35 став 1 точка 9 );

10) врши кампирање во неорганизирани кампови (член 42 став2);

11) се поставаат шатори , камп куќички, камп приколки и друга опрема за кампирање надвор од кампот (член 43) и

12) привремено кампирање се врши на земјиште кое не е одредено од Советот на општината, а во градот Скопје од Советот на градот Скопје(член 44 став 2) .

За дејствијата од ставот 1 точа овој член , покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и санкција привремена забрана за вршење на угостителска дејност во траење од 15 дена.

За дејствијата од ставот 1 на овој член ќе се изрече глоба за прекршок на одговорно лице во правно лице во износ од 500 евра во денарска противредност.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност на самото место на правното лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност на самото место и на одговорното лице во правното лице.

Член 70

Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице , ако:

1) нема доказ за изврШена промена на категоријата на угостителскиот објект (член 33 став 3);

2) не ги одржува просториите и опремата и не дава услуги во угостителскиот објект според пропишаните минимално технички услови, како и условите на категоризација за видовите објекти за кои е предвидена категоризација (член 35 став 1 точка 1)

3) во објектите од членот 41 став 3 на овој закон покрај јадења во конфекционирана состојба се послужуваат и други јадења;

4) организира и врши кампирање спротивно на членот 42 ставови 1 и 2 на овој закон;

5) кампот нема утврден куќен ред( член 45 став 1);

6) на влезот на кампот или на друго за тоа соодветно место не постави план - шема на кампот, не истакне ценовник за користење на просторот за кампирање, категорија на кампот како идруги услуги што ги дава кампот (член 45 став2) ;

7) не го истакне работното време на влезот на објектот и на видно место во објектот (член 26 став 1);

8) не истакне на видно место пропишана ознака на видот и категоријата на угостителскиот објект (член 32 став 2);

9)не ги истакне цените согласно со членот 35 став 1 точка 2;

10) не истакне на видно место на влезот на угостителскиот објект -ноќен бар и кабаре, табла со димензии 20 х 50 см со содржина “лица со возраст под 18 години немаат право на посета “( член 35 став 1 точка 3);

11) не го пропише и истакне куќниот ред во сите објекти за сместување (член 35 став 1 точка 10);

12)на видно место во угостителскиот објект или во менито не го истакне телефонскиот број на Државниот пазарен инспекторат ( член 35 став 1 точка 12);

13)во сите пропагандни материјали не ги означи видот и категоријата на објектот (член 35 став точка 13);

14) не истакне на видно место во угостителскиот објект натпис со содржина”лица со возраст под 18 години не се послужуваат со алкохолни пијалаци” (член 37 став 2)

15) послужува алкохолни пијалаци од 07,00 до 10,00 часот (член 38, став 1)

16) продава и послужува алкохолни пијалоци и пушта музика после 24,00 часот ( член 38 став 2) и

16) на видно место на влезот на угостителскиот објект не го истакне видот на платежните картички кои можат да се користат (член 35 став 1 точка 7).

За дејствијата од ставот 1 на овој член , ќе се изрече глоба за прекршок на одговорното лице во правно лице во износ од 400 евра во денарска противредност .

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност на самото место на правното лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 300 евра во денарска противредност на самото место и на одговорното лице.

Член 72

Глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец поединец за дејствијата од членовите 69,70 и 71 на овој закон.

Покрај глобата од став 1 на овој член ќе се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење од најмалку три до најмногу 30 дена.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност на самото место на трговец поединец.

Член 73

Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице ако :

1) изнајмува соби,апартмани , куЌи за одмор спротивно на членот 46 став 1 точка 1 на овој закон;
2) организира камп и дава услуги спротивно на членот 46 став 1 точка 2 на овој закон;
3) дава услуги на појадок спротивно на членот 46 став 1 точка 3;
4) ги издава собите, апартманите , куЌите и становите за одмор без договор склучен со туристичката агенција , туристичкото биро и трговското друштво регистрирано за вршење на угостителската дејност ( член 48 )
5) на видно место не го истакне видот и категоријата на објектот (член 51 став 1 точка 1)
6) членот на домаќинството или лицата што им помагаат на членовите на домаќинството не ги исполнуваат здравствените услови за работа во угостителството во смисла на членот 52 став 2 на овој закон ;
7) дава услуги во сидришта и пристаништа , како и кога пловниот објект кружи надвор од сидриштето и пристаништето на лица кои не се наоѓаат на пловниот објект заради превоз (член 54 став4);
8) куќите,апартманите и собите не ги исполнуваат минимално-техничките услови и условите за категоризација во смисла на членот 6 од овој закон ( член 47 став 1);
9) на видно место не го истакне називот на услугите кои ги дава од членот 51 став 1 точка 2 на овој закон;
10) не води книга на евиденција на гостите (член 51 став 1 точка 5);
11) на видно место во објектот не го истакне телефонскиот број на Државниот пазарен инспекторат ( член 51 став 1 точка 6) и
12) дава услуги во пловни објекти за повеќе од 20 гости истовремено (член 54 став 3).

За дејствијата од став 1 на овој член покрај глобате од став 1 на овој член на физичкото лице ќе се изрече и санкција привремена забрана за вршење на дејност-угостителска во траење од 15 дена.

За дејствијата од ставот 1 на овој член може да се изрече глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност на самото место на физичко лице.